**Мотоциклистичка Федерација на С. Македонија – Мото Клуб Вардар – Скопје**

Државно првенство во мотокрос

# ПОСЕБЕН ПРАВИЛНИК
Мото Крос Трка – Орман 2020

25.10.2020

Член 1

МК Вардар – Скопје, во согласност со календарот на МФСМ и Правилникот за мотокрос на МФСМ, закажува мото-крос трка во класите МХ1, МХ2, МХ и МХ85.

Член 2

Трката ќе се одржи на полигонот за мотокрос Орман. Патеката е долга 1500 метри, минимална ширина 5 метри и старт од 55 метри. Висинската разлика е 10 метри, а зоната за чекање и за механичари е одредена зад стартот. Скицата е дадена во прилог.

Член 3

Адресата на организаторот е: МК Вардар, Хелсинки 14 А, 1000 Скопје, тел: 02 309 1199. Пријави за трката се доставуваат до 22-ри октомври, 2020, на адреса на организаторт, МК Вардар - Скопје.

Член 4

Спортски директор на трката е Александар Николовски. Главен судија е Ивица Милошевиќ, а секретар Филип Николовски, додека технички преглед, Бјанка Трајковска.

Член 5

Жири комисијата е составена од претседател, Зоран Трајковски и членови: Александар Николовски и Сашко Ванов.

Член 6

Трката ќе се спроведе според Правилникот за мотокрос на МФСМ, како и правилата на ФИМ и ФИМ - Европа. Мотоциклите и опремата на возачите треба да се по стандардите на ФИМ и ФИМ - Европа.

Член 7

Излегувањето на стартната рампа во првото возење е според пласманот од претходната година, а во второто според пласманот во првото возење. Стартната листа и времените и конечните резултати од секоја трка ќе бидат објавувани на табла кај трибината покрај патеката.

Член 8

Бодувањето и пласманот во поединечна и екипна конкуренција се врши според Правилникот за мотокрос за 2020 год.
Објавување на резултатите ќе се врши на огласна табла во боксот на возачите по секоја рунда. По завршување на вторите рунди се објавуваат и вкупните резултати.
Приговори за резултатите во писмена форма се доставуваат од клубовите или лично од возачите најдоцна 30 минути по објавувањето на резултатите кај секретарот на трката со приложена такса од 1000 денари.

Член 9

Организаторот на првите три возачи во секоја класа ќе им додели признанија во вид на медали или благодарници.

Член 10

Редослед на програмата е еднодневна за 25-ти октомври.

- 09:30-10:00 технички преглед и верификација во бокс за возачи
- 10:10-10.20 прва седница на жири во објектот на полигонот
- 10:20-10:40 службен тренинг MX+MX85 (задолжителни 3 круга)
- 10:45-11:05 службен тренинг MX2 + MX1 (задолжителни 3 круга)
- 11:15 втора седница на жири во објектот на полигонот
- 11:30 Свечено отварње на трката
- 12:00 прва трка MX+MX85 (15 минути плус 2 круга)
- 12:25 прва трка MX2+MX1 (20 минути плус 2 круга)
- 12:55 втора трка MX+MX85
- 13:20 втора трка MX2+MX1
- 13:45 трета седница на жири во објектот на полигонот
- 14:10 прогласување на победници пред објектот на полигонот

Член 11

Овој Посебен правилник е усвоен од МК Вардар и од Комисијата за мотокрос на МФСМ – октомври 15, 2020.

Член 12

Бидејќи трката ке се одвива во услови на пандемија од COVID-19 истата ќе се одвива без присуство на публика, храна и пијалоци нема да се служат, а возачите и нивните екипи се молат да се придржуваат до протоколот пропишан од Министерството за Здравство за справување со пандемијата.
ЗАДОЛЖИТЕЛНО Е НОСЕЊЕ МАСКА И ОДРЖУВАЊЕ ПРОПИШАНО РАСТОЈАНИЕ

МК ВАРДАР – Претседател,

Боби Иванов

МОТО 1978 КЛУБ ВАРДАР СКОПЈЕ